РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр./Nr 12-1525/3
09.09 г./v. 2020

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (Државната комисија) на 38-та седница одржана на ден 04 Септември 2020 година ја донесе следната :

## Одлука

Пријавата насловена како Приговор, со бр. ------------- од 02.03.2020 година на подносителот -------------- ----------------------------------------------, заведена кај Државната комисија за спречување на корупцијата под архивски број 12-1525/1 од 05.03.2020 година, против ---------------------------- на Република Северна Македонија, со сомневања за прекршување на одредбите од членот 34 став 1 алинеја 2, во врска со член 37 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на одредбата од членот од 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик СЕ ОТФРЛА.

Сомневањата за прекршување на одредбата од членот 34 став 1 алинеја 2, во врска со член 37 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на одредбата од членот од 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик СЕ НЕОСНОВАНИ и согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот.

Предметот со број 12-1525 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

## Образложение

Предметот со број 12-1525 од 2020 година е оформен врз основа на поднесок, насловен како приговор, бр. 12-1525/1 од 05.03.2020 година, доставен до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот -------------------------------- со наводи за прекршувања на забраните од членот 34 став 1 алинеја 2, во врска со член 37 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на одредбата од членот од 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик во период на изборен процес.

Државната комисија за спречување на корупцијата по приемот и разгледувањето на содржината на доставениот „приговор" оцени дека се работи за поднесок доставен до Државната комисија на постапување согласно со член 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, меѓутоа и дека истиот не ги исполнува условите од член 33 став 2 од аспект на достава од овластен подносител на приговорот, односно дека истиот не е поднесен од страна на официјален организатор на изборна кампања.

Последователно, Државната комисија за спречување на корупцијата подносителот на поднесокот, со писмено бр. 12-1525/2 од 12.03.2020 година го извести дека по предметниот „приговор" ќе постапи согласно

со член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси - врз основа на добиена пријава за сомневање за корупција и прекршување на законските одредби во изборен процес.

Пријавата за предметниот случај содржи наводи против ---------------------------------- на Република Северна Македонија, за повреди на член 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на член 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик, поврзано со објава, од страна на ------------------, на ------------------------------------------------------------ . Подносителот на пријавата смета и наведува, повикувајќи се на содржината на---------------------, кој трае/е отворен за пријавување до 30.08.2020 година, дека од --------------- ----------------------, со оглед на тоа што -------------------- е објавен непосредно по донесување на одлуката за распишување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, на своевиден начин се злоупотребуваат --------------------------------- и се остава простор за коруптивност преку ветување за евентуално добивање на парични средства кое би се реализирало по изборите – " доколку победи опцијата на актуелната власт", па следствено на тоа бара согласно законските ингеренции предвидени во член 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупција да ги преземе сите потребни законски дејствија и да отвори постапка за утврдување на горенаведената фактичка состојба, односно да иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи.

Според подносителот на пријавата објавата на --------------------- има за цел да се влијае на (не)определен број на избирачи на престојните парламентарни избори со ветување на евентуална парична награда за учесниците - ------------------------------------------.

При разгледувањето на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и при тоа оцени дека се тие неосновани и дека се темелат на погрешно и прешироко толкување и интерпретирање на одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на Изборниот законик кои се однесуваат на забранeто постапување на државни органи, органи на локалната самоуправа, јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал во период на изборен процес. Имено, Државната комисија констатира дека во конкретниот случај дејствието : објавување ---------------------, а кој ------------------ е отворен за пријавување до 30.08.2020 година, не претставува и не може да се подведе и да се поистовети со забраните од член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а од Изборниот законик предвидени за период на изборен процес, така што во конкретниот случај не се работи за "исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови" од член 34 став 1 алинеја 2 од ЗСКСИ, ниту пак тоа дејствие може да се доведе во врска со член 37 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и да се смета за "ветување подарок или друга корист за себе или за друг, на избирач при избори или гласање на референдум, за да гласа или да не гласа или да гласа за определен кандидат". Имено, Државната комисија оцени дека ------------------------------------------, односно службените лица од ------------------------- не постапиле спротивно , односно не ги прекршиле член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а од Изборниот законик според кои: "Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, *не може* да започне изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал

на нови објекти во инфраструктурата, како патишта, водоводи, далноводи, канализација и други објекти или на објекти за општествени дејности - училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година; *да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови, ниту да се отуѓува државен капитал, ниту да се потпишуваат колективни договори* и да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи". Ова, дотолку повеќе што -------------------------------------------------- ---------------------------------- т.е. за неопределено време кое, сосема веројатно, ќе биде по завршување на предвремените парламентарни избори и по завршување на избор на Влада на Република Северна Македонија.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи да се донесе Одлука како во диспозитивот.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 04 Септември 2020 година под бр. 12- 1525/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил : В.Г., Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- Подносителот